


# FOREVER NutraQ10™




Форевер создаде нов производ со коензим Q10- NutraQ10 (код: 312). Тој е извор на три важни состојки кои го потпомагаат здравјето на кардиоваскуларниот систем. Витамините од B комплексот го одржуваат во здрава граница нивото на хомоцистеинот во организмот, коензимот Q10 допринесува за функциите на клетките, а антиоксидансите се борат со слободните радикали.
Q10 е ензим, кој се произведува од човечкиот организам и е неопходен за основните функции на клетките, вклучувајќи ги и тие на срцето и крвните садови. Според испитувањата, нивото на конезимот Q10 се намалува со напредувањето на возраста, а ние тогаш имаме најголема потреба од него. Производот Forever Nutra Q10 ви ја дава дополнителната доза на коензим Q10, која му е неопходна на вашето тело.
Forever Nutra Q10 ги поткрепува функциите на кардиоваскуларниот систем, со тоа што допринесува во одржувањето на здраво ниво на хомоцистеин во крвта. Докажано е дека витамините B6, B12 и фолната киселина имаат својство да го одржуваат хомоцистеинот



на здраво и ниско ниво. Тоа помага за правилна функција на срцето и крвните садови.
Forever Nutra Q10 исто така содржи одбрани екстракти од билки како што се семе од грозје, куркума, бозвелија и екстракт од листови на маслинка. Според различни испитувања овие растителни екстракти исто така се корисни за здравјето на срцевиот систем. Кон сето веќе наброено, ги додадовме и минералите магнезиум и хром, кои се корисни за срцето, плус лецитин, познат по своите својства да ја подмачкува внатрешноста на крвните садови и да ги разодвижува масните наталожувања во нив, како и моќните антиоксиданси -витамините C и E.
Земете го овој богат со корисни состојки производ и растворете го во следната чаша со гел од алое. Истурете, промешајте и испијте- вашето срце ќе ви биде благодарно!

**Совети на ФОРЕВЕР за здрав кардиоваскуларен систем.** Според специјалистите, 50% од срцевите заболувања можат да бидат спречени со помош на неколку едноставни дејствија, кои секој од нас може да ги применува. Вклучете го секојдневно внесувањето на Nutra Q10 со овие шест едноставни чекори и ќе имате енергија и виталност која ја заслужувате.



**Здрава исхрана -** јадете овошје, зеленчук, полнозрнеста храна, риба, јаткасти плодови и маслиново масло. Пушењето е еден од сериозните ризични фактори. Откажете ги цигарите! Дури само три години откако ќе престанете да пушите, вашиот ризик од развивање на срцеви заболувања се намалува исто толку колку и на човек кој никогаш не пушел.

**Движењето** е многу важно. Сами направете избор како ви е пријатно-да трчате, да пливате, да возите велосипед или едноставно да одите на прошетка. Вашето срце има потреба од движење.



**Радост да се живее -** научно е докажано, дека среќните луѓе се поздрави. Стресот и напрегањето само ја влошуваат физичката состојба. Радоста и смеењето нè исполнуваат со енергија и се корисни за здравјето.

**Алое Вера -** конзумирањето на алое вера има потенцијал да го намали нивото на лошиот холестерол и да го зголеми нивото на добриот. Конзумирајте алое заедно со Forever Nutra Q10.

**Внимавајте на симптомите што ве предупредуваат -** болки во градите, недостиг на воздух, замаеност, лошење-тие може да означуваат проблеми со срцето. Посоветувајте се со доктор!



**ЕКГ и редовни прегледи -** треба да знаете во каква состојба е вашето срце. Редовно одете на прегледи и правете ЕКГ.




# FOREVER IMMUBLEND™

Дали ова вам некогаш ви се случило? Да почувствувате дека вашиот живот е комплетен. Да ви оди добро работата, да е сè во ред со семејството, да имате време за рекреација. Да имате доволно време за вашите активности и доволно енергија за секое ваше хоби. Потоа, по една до две недели, да почувствувате дека секој ден имате сè помалку и помалку енергија. Сакате да одите во кревет порано и да се разбудите подоцна. Почнувате да копнеете за храна која вообичаено не ја јадете, и повеќе немате интерес за работи кои ви носеле радост. Пред да сте свесни , веќе сте со кашлица, конгестија, можеби и со температура. Тешко е да се поверува дека сте истата личност. Ова му се случува на секој од нас во било кое време: нашето тело е преоптеретено, а ние не сме сториле доволно за да го поддржиме.
Еве еден одличен производ кој може да ви помогне да останете во колосек. Forever Immublend (# 355) ги содржи најдобрите состојки за поддршка на имунитетот кои ги има денес на пазарот. Кој не би сакал да се осигура дека неговото тело ќе продолжи да одржува врвна издржливост? Со овој единствен производ вие ќе ги добиете бенефициите од 6-те клучни состојки за поддршка на имунитетот.

## Фруктоолигосахариди

Бенефициите од фруктоолигосахаридите се познати во Јапонија со години, каде нивните можности како пробиотска поддршка за развојот на корисните бактерии беа признати од Јапонската влада.
Фруктоолигосахаридите се познати и по тоа што ја зголемуваат апсорпцијата на калциум во дебелото црево. Извлечени од овошје и зеленчук како јикама, домати, цигура и праз, фруктоолигосахаридите се природен начин да се зајакне имуниот систем.

## Лактоферин

Лактоферинот е протеин кој се извлекува од млекото заради неговите пробиотски својства и можности за зајакнување на имунитетот. Овој протеин е природна материја во нашето тело и го подобрува имунолошкиот одговор на клеточното ниво.





## Печурки маитаке и шитаке

Во Кина и Јапонија печурките се користат повеќе од 3000 години поради нивните нутритивни и здравствени квалитети. Истражувањата покажаа дека печуките имаат нутриенти кои во други растенија ги нема. Печурките маитаке и шитаке се користат во следните случаеви: алергија, артритис, атеросклероза, висок крвен притисок, дијабет, главоболка и мигрена, климактерични тегоби/воспоставува баланс на полните хормони кај жените, предменструални тегоби, проблеми кај дигестивен систем, ги намалува несаканите појави од хемотерапија, ХИВ-инфекција, Хепатит Б, хронична кашлица, хроничен замор, намален имунитет (инфекции, габични, вирусни) остеопороза , реуматски заболувања...

Наведените произвди се додатоци во исхраната.
Тие не се користат за дијагноза, третман или лечење на болести.
Консултирајте се со лекар пред употреба за медицински цели на било кој од наведените производи.

## Витамин Д

Витаминот Д природно го има во многу малку храна, како бакалар, јунешки џигер и сардини. Ако во вашето мени ја нема оваа храна, не се грижете, со Forever Immublend имате можност да ги искористите бенефициите од витаминот Д. Овој витамин ја поддржува апсорпцијата на калциумот и здрав кардиоваскуларен систем.

## Витамин Ц

Вашето тело може да обезбеди доволно витамин Ц преку храната, бидејќи овој витамин го има во вкусната храна како цитруси, пиперки и домати. Но овој витамин е многу моќен и вие мора да сте сигурни дека го внесувате во доволни количини. Витаминот Ц го подобрува имуниот систем, ја зголемува апсорпцијата на железо од растителна храна, ги штити клетките од слободните радикали.

## Цинк

Цинкот му дава поддршка на имунитетот и брзо го зајакнува. Неопходен е за искористување на витаминот А од црниот дроб и многу е важен за метаболизмот на протеините, јаглехидратите и фосфорот. Го забрзува заздравувањето на раните и помага за регенерација на кожата и слузницата.
Forever Immublend може да се зема секој ден,цела година, без да ја загуби својата ефикасност.

